Среда, 14 ноември 2018

# Министерство за финансии

# Предлог Закон за измена и дополнување на Законот за јавен долг

DRAFT

Ноември 2018

# Предлог Закон за измена и дополнување на Законот за јавен долг

Член 1

Во Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14), во членот 2 став 1 точка 2 зборовите: "за кои државата има издадено државна гаранција" се бришат.

Во истиот член, во ставот 1 се додава нова точка 7 која гласи "Нето задолжување во смисла на овој закон е разлика помеѓу ново акумулираниот долг и долгот кој доспева, во текот на една календарска година."

Точките 7, 8, 9 и 10 стануваат точки 8,9,10 и 11.

Во точката 11 која станува нова точка 12, по зборовите "Државна гаранција" зборот "е" се заменува со зборовите "претставува експлицитна"

Точката 12 станува точка 13.

Член 2

Во насловот на глава II зборовите "Политика на" се заменуваат со зборовите "Стратегија за".

Член 3

Во членот 7, ставот (3) се менува и гласи: "(3)Министерството за финансии секоја година изготвува Стратегија за управување со јавен долг за среднорочен период од три години."

Во истиот член, во ставот (4) зборот "Политиката" се заменува со зборот "Стратегијата".

Во истиот став, во втората алинеја зборот "ново" се заменува со зборот "нето", а зборовите "фискалната стратегија" се заменуваат со зборот "стратегијата", а сврзникот „и" на крајот од алинејата се заменува со точка и запирка.

Во истиот став, во третата алинеја зборовите "фискалната стратегија" се заменуваат со зборот "стратегијата", а точката на крајот од алинејата се заменува со сврзникот „и".

Во истиот став, по третата алинеја се додава нова алинеја која гласи: "структурата на државниот долг"

Во членот 7 се додава нов став (5) кој гласи: "(5)Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии ја донесува стратегијата за управување со јавен долг најдоцна до 31 мај во тековната година за наредниот тригодишен период."

Член 4

Во членот 11, во став (1), во алинејата 9 пред зборот "евидентира" се додава зборот "ги", зборовите "издавање на" се заменуваат со зборот "издадените", а зборовите "врши следење на трансакциите со државни хартии од вредност на секундарниот пазар" се бришат.

Во истиот став, во алинеја 14, зборовите "пласирањето на" се бришат.

Во истиот став, во алинеја 17, точката на крајот од алинејата се заменува со запирка и се додаваат зборовите "освен во случај кога долгот не е гарантиран од државата".

Во членот 11, во став (2) алинејата 3 се брише.

Член 5

Во членот 12, се додава нов став (1) кој гласи: "(1) За извршување на буџетот на Република Македонија, Министерството за финансии во име на Република Македонија може да се задолжи до максимален износ потребен за финансирање на буџетскиот дефицит и рефинансирање на обврските од државниот долг за тековната и наредните две фискални години, утврден во тековниот буџет на Република Македонија и фискалната стратегија."

Во ставот (1) кој станува став (2), алинејата 7 се менува и гласи: "рефинансирање на обврските кои произлегуваат од државниот долг, вклучително и предвремена отплата на долг пред датумот на доспевање, и/или предвремен откуп на должнички хартии од вредност издадени од државата"

Во истиот став, по алинејата 7 се додава нова алинеја која гласи: "препозајмување (он-лендинг) на носителите на јавен долг"

Алинеите 8, 9 и 10 стануваат алинеи 9,10 и 11.

Во ставот (2) кој станува став (3) бројот 1 се заменува со бројот 2.

Член 6

Во членот 16 се додава нов став (5) кој гласи: "(5) Согласноста за задолжување од став (3) на овој член има важност во календарската година во која е издадена."

Во ставот (5) кој станува став (6) зборот "ставовите" се заменува со зборот "став", а зборовите "и (3)" се бришат.

Ставовите 6,7,8 и 9 стануваат ставови 7,8,9 и 10.

Член 7

Во членот 17 се додава нов став (3) кој гласи: "(3) Финансиските услови за препозајмување на средствата ги утврдува Владата на РМ".

Во ставот (3) кој станува став (4) по зборовите "Министерот за финансии" се додаваат зборовите "во име на Владата на Република Македонија", а зборот "заем" се заменува со зборот "препозајмување"

Во ставот (4) кој станува став (5) бројот 3 се заменува со бројот 4, во ставот (5) кој станува став (6) бројот 4 се заменува со бројот 5, , а во ставот (6) кој станува став (7) бројот 4 се заменува со бројот 5, а бројот 3 се заменува со бројот 4.

Член 8

Во членот 18 во ставот (4) зборот "ново" се заменува со зборот "нето".

Во истиот членот се додава нов став (6) кој гласи: "(6) Актите за издавање на државни хартии од вредност ги потпишува Министерот за финансии или лице овластено од него."

Ставовите (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (7), (8), (9) и (10).

Член 9

Во членот 20 ставот (2) се менува и гласи: "Начинот и постапката за вршење на предвремен откуп на државните хартии од вредност ги пропишува министерот за финансии."

По ставот (5) се додаваат два нови ставови (6) и (7) кои гласат:

"(6) Актите за предвремен откуп на државни хартии од вредност ги потпишува Министерот за финансии или лице овластени од него.

(7) Министерот за правда издава правно мислење за предвремениот откуп на државни хартии од вредност на меѓународниот финансиски пазар."

Член 10

Во членот 20-а ставот (3) се менува и гласи "Согласноста за задолжување од став (1) на овој член има важност во календарската година во која е издадена".

Член 11

Во членот 21 се додаваат два нови ставови (3) и (4) кои гласат:

"(3) Владата може да издаде државна гаранција на носител на јавен долг кој во моментот на поднесување на барањето за задолжување со државна гаранција ги исполнува критериумите за кредитоспособност пропишани од Министерот за финансии.

(4) По исклучок на став (3) од овој член, Владата може да издаде државна гаранција за проекти кои ќе бидат оценети како стратешки, по предлог на ресорното министерство и/или носителот на јавен долг."

Член 12

Во членот 25, се додава нов став (5) кој гласи:

"(5) Согласноста за задолжување од став (2) на овој член има важност во календарската година во која е издадена."

"Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 13

Во членот 25-а, се додава нов став (5) кој гласи:

"(5) Согласноста за задолжување од став (2) на овој член има важност во во календарската година во која е издадена."

Ставот (5) станува став (6).

Член 14

Во членот 25-б, се додава нов став (4) кој гласи:

"(4) Согласноста за задолжување од став (1) на овој член има важност во во календарската година во која е издадена."

Ставот (4) станува став (5).

Член 15

Во член 27 став (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите "најдоцна до 30-ти јуни наредната година.".

Во истиот член во став (2) по зборовите "Министерството за финансии" се додава зборот "квартално", а зборовите "и во Билтенот на Министерството за финансии" се бришат.

Во истиот член се додава нов став (3) кој гласи:

"(3) За статистички цели, Министерството за финансии може да го пресметува државниот и/или јавниот долг по други дефиниции за статистика на долг."

Член 16

Членот 11 од овој закон ќе започне да се применува во рок од 6 месеци од денот на влегувањето на сила на овој закон.

Подзаконските акти од член 9 и член 11 од овој закон Министерот за финансии ќе ги донесе во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

DRAFT